# ГОДИШЕН ТЕРЕНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА



МЗМП

# ТЦ ВИНОЈУГ

## СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И УСЛОВИ

ТЦ Винојуг има сместувачки капацитет за 90 лица во контејнери . Во центарот има и три рапхоли но тие не се корисат за долготрајно сместување. Центарот има тоалети и туш-кабини (за мажи и жени одделно). За секое лице во движење се предвидени три оброци на ден, обезбедена е медициска заштита (примарна), бесплатна правна помош во однос на правото на азил, бесплатен интернет, мала теретана, посебна просторија - занимална со голем ТВ монитор како и посебно детско катче, каде децата во движење можат да играат и изучуваат англиски јазик и математика.

## ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ

Статусот на центарот и лицата сместени во центарот, како и постапувањето на надлежните органи не беа правно уредени и во 2023 година, па центарот функционираше без одреден акт или стандардни оперативни процедури за начинот на прием и сместување на лицата сместени во него, како и правата и обврските.

Центарот за управување со кризи (ЦУК) е одговорен за функционирањето и управувањето на центарот, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е одговорно за сместување на лицата во движење во центарот, додека Министерството за внатрешни работи (МВР, гранична полиција) се одговорни за влез и излез на лицата во движење во центарот како и за фотографирање и дактилоскопирање на истите при првичен влез во овој центар.

Во транзитниот центар се присутни претставници на државни органи, како и невалдини и меѓународни организации. Од 19 Април во ТЦ Винојуг е присутна **Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (FRONTEX)** со тројца полициски службеници со мандат до Јануари 2024 и двајца надворшени соработници кои со мандат на мисија се менуваат на еден до два месеци и се од службите за миграција и азил од земјите членки на FRONTEX.

## РЕГИСТРИРАНИ ЛИЦА ВО ДВИЖЕЊЕ ВО 2023 ГОДИНА ВО ТЦ ВИНОЈУГ

Во текот на целата 2023 година, **вкупниот бројот на регистирани лица во движење според Министерството за труд и социјална политика изнесува 9424** од кои најголем дел доаѓаат од Сирија (4071), Мароко (2274), Авганистан (712) и Пакистан (544). Сите лица во движење кои беа регистрирани во центарот, беа заведени и како сместени лица. Меѓутоа, реалниот број на сместени лица е 1.377, а само 1/3 од нив се задржале еден ден или подолго. Најголем дел од регистрираните лица се мажи - 8402, додека бројот на регистрирани возрасни жени изнесува 363.

Во текот на извештајниот период во центарот се регистрирани вкупно 659 деца од кои 216 биле непридружувани. На сите непридружувани деца им бил назначен старател од Центарот за социјални работи. Транзитниот центар функционира како центар од затворен тип и поради тие причини лицата сместени во центарот немаат можност слободно да влегуваат и излегуваат од истиот.

| | Возрасни мажи | Возрасни жени | деца – машки пол | деца – женски пол | Непридружувани деца |
|---|---|---|---|---|---|
| **јануари** | 28 | 8 | 3 | 5 | 3 |
| **февруари** | 9 | 2 | 0 | 1 | 2 |
| **март** | 40 | 9 | 3 | 3 | 0 |
| **април** | 46 | 7 | 7 | 5 | 2 |
| **мај** | 881 | 20 | 4 | 3 | 55 |
| **јуни** | 1130 | 14 | 3 | 6 | 12 |
| **јули** | 1411 | 68 | 66 | 18 | 20 |
| **август** | 1362 | 46 | 47 | 26 | 27 |
| **септември** | 1402 | 73 | 81 | 38 | 47 |
| **октомври** | 1321 | 72 | 54 | 33 | 21 |
| **ноември** | 472 | 30 | 13 | 10 | 20 |
| **декември** | 300 | 14 | 9 | 5 | 7 |
| **ВКУПНО** | 8402 | 363 | 290 | 153 | 216 |

Во текот на 2023 година во центарот **беа регистрирани лица во движење од 40 држави**.

| | Вкупно | **Того** | 3 | **Бангладеш** | 18 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конго** | 38 | **Сиера Леоне** | 259 | **Гамбија** | 10 |
| **ДРЦ Конго** | 172 | **Нигерија** | 8 | **Куба** | 11 |
| **Сирија** | 4071 | **Либија** | 58 | **Сомалија** | 10 |
| **Авганистан** | 712 | **Гана** | 33 | **Уганда** | 9 |
| **Мароко** | 2274 | **Непал** | 76 | **Албанија** | 2 |
| **Индија** | 20 | **Судан** | 9 | **Кина** | 28 |
| **Пакистан** | 544 | **Ирак** | 247 | **Либан** | 5 |
| **Алжир** | 186 | **Јемен** | 5 | **Узбекистан** | 2 |
| **Иран** | 86 | **Камерун** | 38 | **Франција** | 1 |
| **Египет** | 97 | **Сенегал** | 7 | **Буркина Фасо** | 2 |
| **Палестина** | 224 | **Индонезија** | 3 | **Либерија** | 2 |
| **Тунис** | 26 | **Гвинеја** | 15 | **Јужна Африка** | 1 |
| **Мали** | 2 | **Туркије** | 8 | | |

## БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ВО ТЦ ВИНОЈУГ ВО 2023 ГОДИНА И ПРИСТАП ДО ПОСТАПКА ЗА АЗИЛ

Од вкупниот број на лица во центарот, **221 лице поднеле барање за признавање на правото на азил во Република Северна Македонија. Од 221 барател на азил 106 биле возрасни мажи, 45 возрасни жени и 70 деца (22 девојчиња и 48 момчиња).** Од вкупно 70 деца-баратели на азил **12 биле непридружувани деца/баратели на азил.**

Во поголемиот број на случаи беше забележано одложување на регистрирање на барањето за азил со објаснување дека не е присутен главниот полициски службеник за процесирање на барањето, или поради недостаток на возила за транспорт на барателите од транзитниот центар до Прифатниот центар за баратели на азил и слично.

**Теренскиот правник на МЗМП во центарот дал вкупно 306 правни совети во врска со постапката за азил и правото на аплицирање за азил во Република Северна Македонија.**

## БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ВО 2023 ВО ЦЕНТАРОТ (ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО)

| | јан | фев | мар | апр | мај | јун | јул | авг | сеп | окт | ное | дек | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Алжир** | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | 2 | 1 | 3 | 8 |
| **Конго** | / | / | / | 9 | 9 | 9 | / | / | / | 3 | 14 | 13 | 57 |
| **Сиера Леоне** | / | / | / | / | / | 9 | / | / | 7 | 6 | 4 | 1 | 27 |
| **Уганда** | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | 4 | / | 6 |
| **Того** | / | / | / | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **Ирак** | / | / | / | 3 | / | / | 5 | / | / | / | / | / | 8 |
| **Мароко** | / | / | / | / | 1 | / | 2 | 1 | 2 | 11 | / | 20 | 37 |
| **Иран** | / | / | / | / | / | / | 2 | 5 | / | 2 | 2 | / | 11 |
| **Авганистан** | / | / | / | / | 3 | / | 5 | 1 | 7 | / | 8 | 2 | 26 |
| **Сирија** | / | / | / | / | 5 | / | / | 3 | 1 | 3 | 5 | 1 | 18 |
| **Туркије** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 | 2 |
| **Тунис** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| **Гана** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| **Палестина** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| **Египет** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | / | 1 |
| **Пакистан** | / | 16 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 16 |

Најголемиот број на баратели на азил доаѓаат од Конго(57), Мароко(37) и Сиера Леоне(27).

### ПРИСТАП ДО ТЕРИТОРИЈА

Во 2023 година бројот на фатени лица во движење и вратени назад во Грција без спроведување и запазување на формалната законска постапка и почитување на договорите за реадмисија изнесува вкупно **11332 лица во движење.**

### ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Во текот на 2023 година **вкупно 41 лице во движење** биле задржани во центарот како сведоци во кривична постапка против криумчарите од кои **16 биле непридружувани деца**. Оваа практика престана во месец април кога на терен започна со работа **FRONTEX.**

---

## ТЦ ТАБАНОВЦЕ

### СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ И УСЛОВИ

Во ТЦ Табановце се распоредени 29 контејнери и 3 рапхоли. При евентуален наплив, можат да бидат сместени од 280 до 300 лица. Во моментот распоредените рапхоли не се користат за долготрајно сместување. Центарот има заеднички тоалети (за мажи и за жени) и соодветни туш-кабини. Не се спроведуваат никакви активности за сместените лица. Не е обезбедено детско катче, ниту детски реквизите кои би ги користеле најмладите категории на сместени лица и би спроведувале некакви активности. Во центарот има присуство на медицинско лице кое обезбедува основни здравствени услуги. За секое лице се предвидени три оброци на ден, но најголем дел од лицата се жалеа дека храната е еднолична и дека истата не им е доволна. Во центарот се обезбедува бесплатна правна помош во однос на правото на азил од страна на МЗМП со поддршка на УНХЦР.

### ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ

Статусот на центарот и лицата сместени во центарот, како и постапувањето на надлежните органи не беа правно уредени и во 2023 година, па центарот функционираше без одреден акт или стандардни оперативни процедури за начинот на прием и сместување на лицата сместени во него, правата и обврските и слично.

Центарот за управување со кризи (ЦУК) е одговорен за функционирањето и управувањето на центарот, Министерството за труд и социјална политика (МТСП) е одговорно за сместување на лицата во центарот, додека Министерството за внатрешни работи (МВР, гранична полиција) се одговорни за влез и излез на лица во центарот како и за фотографирање и дактилоскопирање на истите при првичен влез во овој центар. Во транзитниот центар се присутни претставници на државни органи како и невладини и меѓународни организации.

## РЕГИСТРИРАНИ ЛИЦА ВО ДВИЖЕЊЕ ВО ТЦ ТАБАНОВЦЕ ВО 2023 ГОДИНА

Во текот на целата 2023 година, **вкупниот бројот на сместени лица во центарот изнесува 1247** од кои најголем дел доаѓаат од Сирија (499), Авганистан (145), Конго (134) и Мароко (116). Најголем дел од сместените лица се мажи - 930, додека бројот на сместени возрасни жени изнесува 129. Во текот на извештајниот период во центарот биле сместени вкупно 188 деца од кои 52 биле непридружувани. На сите непридружувани деца им бил назначен старател од Центарот за социјални работи. Транзитниот центар функционира како центар од отворен тип и поради тие причини лицата сместени во центарот имаа можност слободно да влегуваат и излегуваат од истиот, со постојана контрола и регулација од страна на претставниците на МВР. Теренскиот правник забележал три случаи кога не бил дозволен влез на 5 лица во ТЦ Табановце, со објаснување дека тие и претходно биле сместени во овој центар.

| | **Возрасни мажи** | **Возрасни жени** | **деца – машки пол** | **деца – женски пол** | **Непридружувани деца** |
|---|---|---|---|---|---|
| **јануари** | 39 | 6 | 6 | 0 | 0 |
| **февруари** | 25 | 18 | 12 | 0 | 0 |
| **март** | 93 | 10 | 18 | 0 | 0 |
| **април** | 71 | 15 | 5 | 4 | 2 |
| **мај** | 47 | 6 | 2 | 0 | 6 |
| **јуни** | 75 | 3 | 3 | 5 | 4 |
| **јули** | 108 | 10 | 10 | 4 | 7 |
| **август** | 110 | 2 | 9 | 0 | 15 |
| **септември** | 56 | 21 | 11 | 12 | 2 |
| **октомври** | 134 | 15 | 10 | 5 | 3 |
| **ноември** | 68 | 15 | 4 | 5 | 3 |
| **декември** | 104 | 8 | 5 | 6 | 10 |
| **вкупно** | 930 | 129 | 95 | 41 | 52 |

Во текот на 2023 година во центарот **беа сместени лица во движење од 36 држави**.

| | ВКУПНО |
|---|---|
| **Конго** | 134 |
| **Сирија** | 499 |
| **Авганистан** | 145 |
| **Мароко** | 116 |
| **Индија** | 12 |
| **Пакистан** | 55 |
| **Алжир** | 23 |
| **Иран** | 12 |
| **Египет** | 7 |
| **Палестина** | 48 |
| **Тунис** | 6 |
| **Брег на** | 2 |
| **Слонова Коска** | |
| **Мали** | 1 |
| **Того** | 6 |
| **Сиера Леоне** | 17 |
| **Нигерија** | 2 |
| **Бенин** | 1 |
| **Либија** | 8 |
| **Гана** | 6 |
| **Непал** | 92 |
| **Судан** | 3 |
| **Етиопија** | 1 |
| **Нова Гвинеја** | 1 |
| **Ирак** | 18 |
| **Јемен** | 1 |
| **Камерун** | 5 |
| **Ангола** | 4 |
| **Сенегал** | 1 |
| **Индонезија** | 3 |
| **Доминикана** | 1 |
| **Габон** | 1 |
| **Гвинеја** | 1 |
| **Туркије** | 7 |
| **Бангладеш** | 2 |
| **Гамбија** | 1 |

## БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ВО ТЦ ТАБАНОВЦЕ ВО 2023 ГОДИНА И ПРИСТАП ДО ПОСТАПКА ЗА АЗИЛ

Од вкупниот број на сместени лица во центарот, само **две лица поднеле барање за признавање на правото на азил во Република Северна Македонија (од Сирија и Тунис), што претставува мал процент во споредба со целокупниот број на сместени лица. По поднесеното барање за азил, овие лица беа пренесени во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово.** Поради малиот број на поднесени барања на азил, не е забележано особено оневозможување во пристапот до постапката за азил.

**Теренскиот правник на МЗМП во центарот дал вкупно 394 правни совети во врска со постапката за азил и правото на аплицирање за азил во Република Северна Македонија.**

## ЗАДРЖУВАЊЕ ВО ЦЕНТАРОТ

Во текот на 2023 година **вкупно 64 лица** биле задржани во центарот како сведоци во кривична постапка против криумчарите од кои **5 лица биле непридружувани деца**.

| | Мажи | Жени | Деца | Непридружувани деца | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сирија** | 21 | 1 | 1 | 3 | 26 |
| **Мароко** | 6 | | | | 6 |
| **Авганистан** | 1 | 2 | 1 | | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Конго** | 4 | 5 | 3 | | | 12 |
| **Ирак** | 1 | 1 | 3 | 2 | | 7 |
| **Сенегал** | | 1 | | | | 1 |
| **Гана** | | 1 | | | | 1 |
| **Непал** | 4 | | | | | 4 |
| **Алжир** | 2 | | | | | 2 |
| **Либија** | 1 | | | | | 1 |
| **ВКУПНО** | 40 | 11 | 8 | 5 | | 64 |

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е независна, непрофитна професионална организација која обезбедува правна помош и води стратешки заштита на човековите права.

МЗМП е организација во Северна Македонија која обезбедува бесплатна правна помош и ги застапува барателите на азил, лицата под меѓународна заштита и лицата без државјанство во постапките поврзани со азил, легален престој и други социјални права.

Теренските советници на МЗМП секојдневно се присутни во двата транзитни центри - Транзитниот центар Табановце и Транзитниот центар Винојуг и обезбедуваат бесплатна правна помош и советување за правото на азил и постапката за азил во Северна Македонија.

КОНТАКТИРАЈТЕ НЕ:

Е-пошта: contact@myla.org.mk

Посетете не на нашата веб-страница: www.myla.org.mk

Ул. Донбас 14/1-6, 1000 Скопје, тел: +389 2 3220 870